# ДОКУМЕНТ СО ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И КОМУНИКАЦИЈАТА ПОМЕЃУ ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ИНСТИТУЦИИТЕ СО МЛАДИТЕ

Co-funded by the European Union

Автори

Драгана Митровиќ
Дарко Тошиќ

Организација
Извиднички Одред ЕКВИНОКС СКАУТ Штип
Ул. „Крушевска Република“ Бр. 69 - 2/5, 2000 Штип
ekvinoks.mk
ekvinoks.scouts@gmail.com

Проект

„Action Girls! – Девојки во акција!“
Оваа активност е во рамки на суб-грантираниот проект „Action Girls! - Девојки во акција!“, кој се спроведува во рамки на проектот „Од несвесни за различностите до трансформативни локални заедници кои ја препознаваат различноста и инклузивната еднаквост“, имплементиран од Сојуз – Национален совет за родова рамноправност, во партнерство со Полио плус – Движење против хендикеп и Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ), а финансиран од Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија.

Лектура

Тамара Беркова

Графичка обработка

Благица Постолова

Штип, 2026 година

Содржина:


За ИО Еквинокс........................................................................................................................ 4

За Проектот.............................................................................................................................. 5

Што претставува овој документ?......................................................................................... 6

Методологија........................................................................................................................... 7

Клучни наоди........................................................................................................................... 8

Најважни теми и проблеми за младите во Општина Штип.............................................. 9

Препораки............................................................................................................................... 10

За ИО Еквинокс:

Извидничкиот одред Еквинокс – Штип е младинска организација која активно работи на едукација, личен развој и општествено ангажирање на младите преку извидничката методологија. Како дел од Сојузот на извидници на Македонија (СИМ) и светското извидничко движење – World Organization of the Scout Movement (WOSM), организацијата придонесува кон развој на одговорни, самостојни и активни млади граѓани.

Преку активности на отворено, едукативни работилници, младински иницијативи и волонтерски акции, ИО Еквинокс промовира вредности како лидерство, тимска работа, солидарност, активно граѓанство и заштита на животната средина. Организацијата работи во областа на неформалното образование, младинскиот активизам и локалниот развој, со посебен фокус на деца и млади.

ИО Еквинокс брои 104 активни членови со повеќе од 30 волонтери, кои учествуваат во реализација на локални, национални и меѓународни активности. Организацијата континуирано соработува со училишта, институции, граѓански организации и локални самоуправи, со цел создавање подобри можности за младите во заедницата.

Преку учество во програми како Erasmus+, младински размени и партнерства, организацијата активно придонесува кон развој на младинските политики, интеркултурна соработка и јакнење на капацитетите на младите. Како организација посветена на иновации и одржлив развој, ИО Еквинокс продолжува да работи на креирање инклузивна и активна заедница во која младите имаат простор да учат, да се развиваат и активно да придонесуваат во општеството.

За Проектот:

Овој документ е изработен во рамки на проектот „Зајакнување на младинското учество преку мониторинг и транспарентност на локално ниво“, имплементиран од ИО Еквинокс – Штип. Проектот е насочен кон зајакнување на капацитетите на младите, особено младите жени од Општина Штип, за активно учество во процесите на мониторинг, транспарентност и консултации со локалната самоуправа и институциите.

Главната цел на проектот е унапредување на механизмите за младинско учество и поттикнување на поголема отвореност и отчетност на локалните институции кон младите. Преку проектните активности, младите имаа можност да се стекнат со знаења и практични вештини поврзани со мониторинг на работата на локалната самоуправа, пристап до информации од јавен карактер, механизми за учество во донесување одлуки и младинско застапување.

Во рамки на проектот беше реализирана тридневна обука на која учествуваа 15 млади лица од Општина Штип, со посебен фокус на вклучување на млади жени. Обуката опфати интерактивни работилници, дискусии и практични сесии поврзани со транспарентноста на институциите, комуникацијата со локалните власти и можностите за активно младинско учество на локално ниво.

Како дел од проектните активности, беше спроведена и онлајн анкета преку која младите имаа можност да ги споделат своите ставови, искуства и предлози поврзани со транспарентноста и комуникацијата на локалните институции. Анализата на добиените податоци, заедно со препораките и заклучоците од учесниците на обуката, претставуваат основа за изработка на овој документ.

Документот содржи конкретни препораки за подобрување на комуникацијата помеѓу младите и локалната самоуправа, зголемување на транспарентноста на институциите и развој на поефикасни механизми за консултација и вклучување на младите во процесите на донесување одлуки на локално ниво. Истовремено, документот има за цел да придонесе кон создавање поотворена, поинклузивна и подостапна локална заедница во која гласот на младите ќе биде слушнат и вреднуван.

Што претставува овој документ?

Овој документ претставува збир на препораки и заклучоци изработени врз основа на спроведена онлајн анкета, мислењата и искуствата на младите учеснички(ци), како и дискусиите реализирани во рамки на проектните активности. Неговата цел е да придонесе кон подобрување на транспарентноста, комуникацијата и соработката помеѓу локалната самоуправа, институциите и младите во Општина Штип.

Документот ги опфаќа клучните предизвици со кои се соочуваат младите во однос на информираноста, вклучувањето во процесите на донесување одлуки и пристапот до институциите, но истовремено нуди и конкретни предлози за унапредување на постојните механизми за младинско учество и консултација.

Препораките содржани во документот се насочени кон создавање поотворена, подостапна и потранспарентна локална заедница, во која младите ќе имаат можност активно да учествуваат, да ги изразуваат своите ставови и да придонесуваат во креирањето на локалните политики и процеси кои директно ги засегаат.

Овој документ има информативен и препорачувачки карактер и е наменет за локалната самоуправа, институциите, младинските организации, како и за сите чинители кои работат во областа на младинското учество и локалниот развој.

## Методологија

За потребите на овој документ беше спроведена онлајн анкета со млади лица на возраст од 15 до 29 години од Општина Штип, со цел да се приберат мислења, ставови и искуства поврзани со транспарентноста на локалната самоуправа, комуникацијата на институциите со младите и можностите за нивно активно учество во процесите на донесување одлуки.

Анкетата беше дистрибуирана преку социјални мрежи, комуникациски канали на организацијата и партнерски организации, со цел да се опфатат што поголем број млади од локалната заедница. Прашалникот содржеше прашања поврзани со информираноста на младите за работата на институциите, нивната вклученост во локални процеси, пристапот до информации, механизмите за консултација, како и потребите и предизвиците со кои се соочуваат младите во однос на комуникацијата со локалната самоуправа.

Дополнително, при изработката на документот беа земени предвид и заклучоците, дискусиите и предлозите произлезени од тридневната обука реализирана во рамки на проектот, на која учествуваа млади лица од Општина Штип. Преку интерактивни работилници и практични сесии, учесниците имаа можност да ги споделат своите искуства, ставови и идеи за подобрување на транспарентноста, отчетноста и младинското учество на локално ниво.

Собраните податоци и информации беа анализирани и систематизирани со цел развивање конкретни препораки кои ќе придонесат кон подобрување на комуникацијата помеѓу младите и институциите, како и кон создавање поотворени и подостапни локални механизми за учество и консултација.

Клучни наоди

Податоците добиени од онлајн анкетата и дискусиите реализирани со младите учесници укажуваат на потреба од подобрување на комуникацијата, транспарентноста и механизмите за младинско учество на локално ниво. Анализата покажува дека младите имаат интерес активно да се вклучат во локалните процеси, но истовремено се соочуваат со ограничена информираност, недоволна комуникација со институциите и недостиг од достапни механизми за учество во донесување одлуки.
Во рамки на анализата беа идентификувани следните клучни наоди:

- Голем дел од младите сметаат дека не се доволно информирани за работата, активностите и одлуките на локалната самоуправа и институциите;
- Младите ретко имаат можност директно да учествуваат во консултации и процеси на донесување одлуки кои ги засегаат;
- Постоечките механизми за комуникација помеѓу институциите и младите не се доволно видливи и достапни;
- Социјалните мрежи и дигиталните платформи претставуваат најчест извор на информации кај младите;
- Постои потреба од поголема транспарентност и поедноставен пристап до информации од јавен интерес;
- Дел од младите не се доволно запознаени со механизмите преку кои можат да поднесат иницијативи, предлози и барања до институциите;
- Младите покажуваат интерес за активно учество во локални иницијативи и процеси, доколку им се обезбедат соодветни услови и поддршка;
- Потребна е почеста директна комуникација помеѓу младите, локалната самоуправа и институциите преку јавни форуми, консултативни средби и настани.

## Најважни теми и проблеми за младите во Општина Штип

Со цел да се идентификуваат потребите и интересите на младите и да се обезбедат релевантни податоци за носителите на одлуки и граѓанските организации, учесниците во онлајн анкетата беа замолени да наведат од една до три теми, области или проблеми кои ги сметаат за најважни за младите во Општина Штип.

На ова прашање одговориле вкупно 71 испитаник (63 женски, 7 машки и 1 испитаник кој не навел род), врз основа на што се добиени следните приоритетни области:
Најзастапена тема е образованието (34 спомнувања), при што значаен дел од одговорите ја нагласуваат потребата од поквалитетно образование. Следува неформалното образование (20) и можностите за вработување (17), што укажува на силен фокус на младите кон личен и професионален развој.

Понатаму, како важни теми се издвоени:

- Култура (15)
- Раст и развој преку различни младински активности (10)
- Недостаток на младински активности и инфраструктура (8), вклучувајќи функционални младински простори и културни институции
- Ниско ниво на младинско учество во донесување одлуки (7)
- Недоволна информираност на младите (6)
- Младински стандард (6)
- Недостиг на можности за младите (5)
- Екологија (4)
- Спорт (3)
- Иселување на младите (3)

Како поединечни, но значајни теми се издвоени и:

- Безбедност
- Сајбербулинг
- Локален младински совет
- Еднаквост
- Потреба од промена на начинот на работа со младите
- Чувство на одговорност

Препораки

1. Воспоставување на редовни механизми за младинска консултација
Општината и институциите да воспостават редовни месечни или квартални консултативни средби, младински форуми и отворени денови со цел директна комуникација со младите, дискусија за проблеми и заедничко креирање решенија.

2. Развој на дигитална платформа за транспарентност и учество
Да се воспостави дигитална платформа (или мобилна апликација) преку која младите ќе имаат пристап до информации за одлуки, буџети, јавни повици и активности, како и можност за поднесување иницијативи и предлози.

3. Унапредување на комуникацијата преку социјални мрежи

Институциите да развијат поактивна, разбирлива и младински ориентирана комуникација на социјалните мрежи, со редовни објави, инфографици, анкети и интерактивни содржини.

4. Зголемување на транспарентноста на локалните институции

Сите клучни информации (одлуки, буџети, програми и извештаи) да се објавуваат на јасен и разбирлив начин, прилагоден за младата популација, со користење на визуелни и поедноставени формати.

5. Зајакнување на младинското учество во одлучувањето

Да се обезбеди поголемо и систематско вклучување на младите во работни тела, совети, комисии и јавни расправи, особено за политики кои директно ги засегаат.

6. Развој на младински програми, простори и можности

Да се инвестира во младинска инфраструктура и програми за култура, спорт, неформално образование и личен развој, со цел зголемување на квалитетот на живот на младите и намалување на иселувањето.

7. Воспоставување механизми за поддршка и повратна информација

Да се воспостават јасни механизми преку кои младите ќе можат да поднесуваат иницијативи и да добиваат навремен одговор, како и поддршка за младински идеи, акции и локални иницијативи.